Врз основа на член 28, став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), член 55 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13,180/14 и 146/15) и Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 11 мали хидроелектрични централи ("Службен весник на Република Македонија" број 21/16), Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 11 мали хидроелектрични централи, објавува

## *ЈАВЕН ПОВИК*

За прибирање на понуди за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 11 мали хидроелектрични централи по моделот Проектирање, Изградба, Оперирање и Пренос (DBOT- Design, Build, Operate, Transfer) на сливовите на реките: Вардар,Треска, Брегалница, Струмица и Црн Дрим.

1. Концедент е Владата на Република Македонија.

2. Предмет на концесија е користење на вода за производство на електрична енергија од 11 мали хидроелектрични централи на следните локации:

| Р. бр. | Водотек | Слив | Координати на зафат | | Координати на машинска зграда | | Просечен проток | Моќност kW |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Y | X | Y | X | Q (m³/s) | |
| 1 | р.Герман Козједолска | р.Пчиња | 7594410 | 4682155 | 7593705 | 4683340 | 0,40 | 229 |
| | | | 7592865 | 4682580 | | | | |
| | р.Нерав | | 7597398 | 4693035 | 7596100 | 4683985 | 0,19 | 215 |
| | | | 7596570 | 4682525 | | | | |
| | р.Герман | | 7593705 | 4683940 | 7594255 | 4684735 | 0,13 | 100 |
| | | | 7596100 | 4683985 | | | | |
| 2 | р.Вировска | р.Црна река | 7505923 | 4564958 | 7507386 | 4565387 | 0,194 | 332 |
| 3 | р.Брегалница | р.Вардар | 7630791,47 | 4647609,36 | 7630901,27 | 4647460,44 | 0,500 | 1500 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | р.Вардар Градиште | р.Вардар | 7512063,23 | 4661832,4 | 7512122.56 | 4661826,3 | 22,16 | 410 |
| | р.Вардар Дворце | | 7513298.72 | 4661630.55 | 7513474.14 | 4661726.06 | 22,16 | 492 |
| 5 | Р Лисечка-Речица 1 | р.Вардар | 7493874 | 4650240 | 7494431 | 4649981 | 0,248 | 512 |
| | Р Лисечка-Речица 2 | | 7494440 | 4649987 | 7495276 | 4649551 | 0,248 | 1087 |
| 6 | р.Струмица (Мокриево) | р.Струмица | 7655239,40 | 4582235,26 | 7654899,39 | 4582777,06 | 0,09 | 70 |
| 7 | р.Вејачка | р.Пена | 7493012 | 4657802 | 7492850 | 4656903 | 0,771 | 908 |

3. **Право на учество** на јавниот повик имаат сите домашни или странски правни или физички лица или конзорциуми од наведените субјекти, кои ќе подигнат тендерска документација и ќе ги исполнат условите согласно тендерската документација. Тендерската документација може да се подигне во архивата на Министерството за животна средин секој работен ден.
Во тендерската документација се содржани хидролошки, геолошки и топографски податоци, и податоци кои се однесуваат на сопственоста на земјиштето, како и услови кои треба да се исполнат од страна на концесионерот.

4. **Понудувачите треба да достават докази за својата способност што вклучува:**

- <u>Способност за вршење на професионална дејност:</u>
- А) За домашни понудувачи: <u>*Документ за регистрирана дејност (ДРД образец)*</u> издаден од Централен регистар на Република Македонија. Б) За странски понудувачи, потребно е да се достави документ од надлежен орган - потврда дека се наоѓа на официјалниот трговски регистар кој се води од страна на надлежен орган на државата или потврда од надлежен орган за сертификација кој ги исполнува условите пропишани со закон;
- **<u>Економска и финансиска состојба на понудувачите:</u>**
- А) За домашни и странски понудувачи: извештај за билансот на состојба заверен од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба за последните три фискални години или изводоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран. Ревизорскиот извештај да содржи податоци за вкупното економско работење на понудувачот за последните три фискални

години (2013, 2014 и 2015 година). Доколку правното лице е регистрирано во период пократок од овој, финансиските извештаи да се доставaт за периодот од регистрацијата;

- А) За домашни и странски понудувачи: извод од целокупниот промет на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и тоа најмногу за последните три финансиски години (2013, 2014 и 2015 година) за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации;
- *Вкупниот приход на понудувачите, кумулативно во последните три години, не треба да е помал од 500 евра по kW инсталиран капацитет* според понудата во пополнетата и уредно потпишана форма според: **Error! Reference source not found.**; Доколку правното лице е регистрирано во период пократок од три години, потребните документи да се достават за периодот од регистрација заклучно со последната фискална година.(Вкупните приходи за овие понудувачи не треба да е помал од 500 евра по kW инсталиран капацитет во периодот од неговата регистрација, заклучно со последната фискална година, според неговата понуда во пополнетата и уредно потпишана форма според: **Error! Reference source not found.**)

- **Лична состојба:**

- А) За домашни лица: *Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки*, издадена од Управата за јавни приходи на Република Македонија. Б) За странски лица: Потврда од надлежен орган во државата на потекло за платени даноци и други јавни давачки;
- А) За домашни лица: *Потврда дека над лицето не се води постапка за стечај* издадена од Централен регистар на Република Македонија. Б) За странски правни лица: Документ од надлежен орган во државата на потекло дека над лицето не се води постапка на стечај;
- А) За домашни лица: *Потврда дека над лицето не се води постапка за ликвидација* издадена од Централен регистар на Република Македонија. Б) За странски лица: Документ од надлежен орган во државата на потекло дека над лицето не се води постапка за ликвидација;
- *изјава на лицето дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација,*

*корупција, измама или перење на пари,*

- *документ дека на понудувачот не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,*
- *документ дека на понудувачот не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност,*
- *потврда дека на лицето не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.*

  Документите за докажување на личната состојба на понудувачот не смеат да бидат постари од шест месеца од денот на отворање на понудите, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот.
- *Потпишана изјава од сите членки на конзорциумот за заеднички настап на тендерот,* Во изјавата членовите на конзорциумот треба да определат водечки член и јасно да го назначат, како и да го изразат процентуалното капитално учество на секоја од членките во конзорциумот.

5. **Целокупната понуда треба да биде на македонски јазик**. Придружната документација кон понудата, која се бара согласно тендерската документација, треба да е во оригинална форма или копија заверена од нотар. Документацијата не треба да е постара од 6 месеци, освен финансиските извештаи.

6. **Понудувачите можат да дадат понуди за една, или за повеќе локации за мали хидроелектрични централи**,односно за една или повеќе групи на локации на мали хидроелектрични централи, но не повеќе од една понуда за една локација, односно група на локации. Правно лице истовремено може да биде член само на еден конзорциум кој доставува понуда за иста локација/група на локација . Постапката за доделување на концесија ќе се спроведе за секоја локација одделно. Минималниот потребен број на способни понудувачи кои можат да поднесат понуда по локација е еден.

7. Понудата треба да го содржи следното:
   - писмо за понуда;
   - докази наведени во т.4.2 од овој оглас,
   - приказ на решението на објектите на топографски и геодетски подлоги,

- податоци за карактеристичните протеци (минимални, средни месечни протеци), за профилот на зафаќање на водата за период од најмалку десет години,
- количеството на вода што се планира да се зафаќа и начинот на зафаќање,
- начинот на испуштање на водите,
- основни карактеристики на објектот со кој се врши дејноста, и
- потпишана изјава од членките на конзорциумот за заеднички настап во оваа постапка за доделување на концесија за вода во која јасно ќе биде назначен водечкиот член и процентуално капитално учество на секоја од членките во конзорциумот.
- Гаранција за учество во постапката

**8. Лицето кое ќе ја подигне тендерската документација мора да достави овластување од фирмата за која подига документација** и во овластувањето да бидат наведени сите потребни податоци за контакт (адреса, телефон, факс и е-маил на фирмата или на лицето овластено од фирмата за контакт).
За подигање на Тендерска документација, заинтересираниот понудувач е должен да уплати неповратни средства во висина од 100 евра во денарска противредност според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата. Уплатата треба да се изврши во корист на Министерство за животна средина и просторно планирање,
**со назнака**: за подигање на тендерска документација за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од 11 мали хидроелектрични централи

**За домашни компании:**
**Трезорска сметка**: 100000000063095
**Сметка на буџетски корисник**: 121011520278710
**Приходна шифра и програма**: 725939-40
**Депонент**: Народна банка на Република Македонија
**Даночен број**: 4030998358508

**За странските компании:**
Ministry of Environment and Physical Planning
National Bank of the Republic of Macedonia
Bu. GoceDelcev No.8
1 000 Skopje, Republic of Macedonia

SWIFT BIC: NBRM MK 2X
IBAN: MK07 1007 0100 0017 436

**9. При изборот на економски најповолната понуда ќе бидат разгледувани само понудите кои ја содржат комплетната документација** согласно Инструкциите за понудувачите кои се составен дел од тендерската документација.

**10. Критериумот за избор на економски најповолна понуда ќе биде пресметан согласно формулата:**

C = 12500 x Pi + U (со букви: C е еднакво на дванаесет илјади и петстотини помножено со Pi плус U)
Каде:
C -Критериум за рангирање
Pi -Минимум инсталирана моќност на хидроелектраната во kW која треба да биде инсталирана според понудата на понудувачот и која е наведена во изјавата на понудувачот

- Доколку станува збор за група на локации Pi ќе биде збир на инсталираните моќностите од сите локации во групата

U –Понуден додаток кон минималниот еднократен надомест во Македонски денари

**11. Ќе се разгледуваат само понудите доставени во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 16 мај 2016 до 10:00 часот по централноевропско време.**

**12. Понудите се доставуваат во еден оригинален примерок. Дополнително, Понудата за локација да се достави и во пренослив електронски уред.**

**13. Јавното отварање на понудите ќе биде на 16 мај 2016 година во 11 часот**. Јавното отварање ќе се изврши со читање на Коверт 1, Задолжителна документација и доколку задолжителната документација е комплетна ќе се чита и Коверт 2, Понуда за локација, односно Писмото за понуда. За јавното отварање Комисијата составува записник.

**14. Концесијата за користење на вода ќе се даде за период од 23 години согласно Законот за води и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.** Обврските на концесионерот по потпишување

на Договорот за концесија се следните:

- Изготвување на проектна документација за хидроелектричната централа за која се дава Понудата,
- Обезбедување на сите дозволи и исполнување на условите дефинирани во соодветните дозволи согласно законската регулатива во Република Македонија;
- Изградба на објектите согласно проектната документација;
- Обезбедување на неопходните дозволи за работа на хидроелектричната централа, согласно законската регулатива во Република Македонија;
- Управување и одржување на сите објекти во состав на централата;
- Пренесување на сите објекти на малата хидроелектрична централа и земјиштето на кое истите се наоѓаат по истекот на периодот на концесија, на Владата на Република Македонија, под услови и во состојба како што се дефинирани во договорот за концесија.

За сите прашања поврзани со овој Јавен оглас заинтересираните инвеститори можат да се обратат кај овластеното лице за контакт:
**Мелита Гочевска, e-mail: melitagocevska@yahoo.com и**
**Исмаил Лума, e-mail: ismail.luma@economy.gov.mk**
Тел: +389 2 3251420 Факс: +389 251403

За подетални информации во врска со локациите за изградба на малите хидроелектрични централи посетете ја страницата: **www.moepp.gov.mk, shpp.moepp.gov.mk.**

## 15. Правна заштита

Секој понудувач има право на жалба во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката за избор на најповолна понуда, односно во рок од 15 дена од денот на достава на одлуката за поништување на постапката. Жалбата се вложува до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која решава по жалбата согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Комисијата за спроведување на
постапката за доделување на концесија